| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Усно и писмено изразување и творење | Раскажува на зададена тема или на тема по сопствен избор. | 83 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците добиваат мал празен лист на кој треба да запишат едно место, локација каде биле за време на зимскиот распуст.(на гости во село/град, на планина, во својот дом, плоштад и сл. ). Ливчето го ставаат во кутија. Наставникот ја започнува активноста така што раскажува за настан или случка од зимскиот одмор кој му оставил најубав впечаток.<br>**Пр.** Сакам да ви **раскажам** како го одбележавме во нашиот дом празникот Коледе, ден на кој славиме и роденден на мојот син.....<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците се запознаваат со поимот раскажување. *Кога кажуваме за нешто што сме го доживеале, тогаш ние раскажуваме. Раскажувањето треба да се одвива по одреден редослед на настаните. Може да раскажуваме скратено или опширно.*<br>Раскажувањето може да биде:<br>• Раскажување по доживеан настан;<br>• Раскажување по слика или по низа слики;<br>• Раскажување по дадени зборови;<br>• Раскажување со даден почеток ;<br>• Раскажување со даден крај | мало празно ливче<br><br>пластична/ картонска кутија<br><br>табла<br><br>креда/маркер | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Усно раскажува по зададена тема по избор<br><br>Скретено раскажува сопствено доживување<br><br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Учениците се запознаваат со скратено раскажување на доживеан настан и следат насоки скратено да раскажуваат свое доживување од зимскиот распуст.<br>Наставникот извлекува ливче од кутијата и го повикува ученикот кој треба да раскаже накратко за тоа како си поминал/а на село/град/на плоштад/на планина.... за време на распустот. Потоа тој ученик извлекува ливче за следен ученик.<br>Откако сите ученици накратко ќе раскажат како си поминале за зимскиот распуст се прави анализа каде биле за зимскиот распуст најголем дел од учениците.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците изведуваат заклучок за скратено раскажување на доживеан настан. Следат насоки како опширно да раскажат доживување од зимскиот распуст за домашна работа.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Усно и писмено изразување и творење | Раскажува по серија слики или илустрации | 84 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Читање и анализа на писмено раскажување од домашната работа по случаен избор од еден ученик. Учениците се потсетуваат за тоа какво може да биде раскажувањето.<br>(Може да биде изработен и истакнат постер плакат со видови раскажувања и истакнат во литературното катче).<br><br><br>**Главен – искуствено учење**<br>Наставникот преку презентација или серија на слики кои ги лепи на табла поведува разговор со учениците за тоа што е претставено на сликите.<br>• Дали може да раскажеме што се случува на сликите?<br>• Колку илистрацијата може да ни помогне да составиме расказ?<br>• Какви ликови/предмети/места забележуваме на сликите?<br>• Што се случува на сликите? | Постер плакат за раскажување<br><br>прожектор<br><br>компјутер<br><br>табла<br><br>селотејп<br><br>серија на слики (картички) подготвени од наставник<br><br>слики од списанија на одредена тема(зима, зимски игри, роденден, другарство и сл)<br><br>учебник | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Усно и писмено раскажува по серија слики/ илустрации<br><br>Активно учество во групна активност<br><br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Учениците работат во групи од по 4-5 ученика. Секоја група добива А4 лист и претходно подготвени картички со серија слики или илустрации. Следат насоки како заедно да раскажат што е претставено на сликите.<br>Групите кои имаат серија на картички треба да ги подредат по редослед, да ги залепат на бел лист и под секоја слика да напишат реченици за тоа што се случува.<br>Групите кои имаат илустрација ја лепат на бел лист, а потоа раскажуваат што се случува на дадената илсутрација.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Презентација на расказите од страна на групите. Секој ученик добива можност да раскаже за одредена слика или дел од илустрацијата.<br>Насоки за домашна работа- Внимателно да ги разгледаат сликите од учебник стр.93 и да раскажат што се случува на секоја слика.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | А4 лист<br><br>лепило | |

resursi.literatura.mk

<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="4">Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ</td><td colspan="2">ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ</td></tr>
<tr><th>содржини и поими</th><th>стандарди за оценување</th><th>час и датум</th><th>сценарио за час</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
<tr>
<td>Видови литературни текстови (расказ, бајка, басна,драмски текст, песна)</td>
<td>Ја објаснува (преку пример) разликата меѓу расказ, бајка и басна.</td>
<td>85</td>
<td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>Учениците се насочуваат да направат опис на мачка и глушец со наведување на карактеристични зборови поврзани со начинот на нивна исхрана, живеење, движење и сл.<br>Наставникот на таблата црта Т табела и учениците искажуваат зборови за двете животни. Запишуваат на таблата и во своите тетратки.<br><table><tr><td>мачка</td><td>глушец</td></tr><tr><td></td><td></td></tr></table>Главен дел – искуствено учење<br>Учениците слушаат изразно читање на басна„ Глувците на собир“ стр.57. Одговараат на поставени прашања:<ul><li>Каков проблем имале глувците?</li><li>Кој бил предлогот на постариот глушец?</li><li>Како го прифатиле предлогот другите глувци?</li><li>Објасни дали глувците нашле вистинско решение за проблемот".</li></ul>Читање на басната од учениците и извлекување заклучок за басна.<ul><li>Што е карактеристично за овој вид на литературен текст?</li><li>Кои се ликови во басната?</li></ul></td>
<td>табла<br><br>маркер/креда<br><br>компјутер<br><br>прожектор<br><br>звучници<br><br>учебник<br><br>тетратка</td>
<td>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Препознава басна според содржината, карактеристиките на ликовите и пораката<br><br>Опишува особини на ликови<br><br>Учество во изведување заклучоци</td>
</tr>
</table>

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Чии особини се претставени преку глувците?<br>Во тетратката запишуваат план за басната:<br>1. Глувците се договараат како да се спасат од мачката.<br>2. Предлог да се стави ѕвонче на вратот на мачката.<br>3. Проблемот на глувците.<br>Поука: Лесно е да се каже, но тешко е да се направи.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците следат  анимирана басна„Кој ќе и стави ѕвонче на мачката“(на англиски јазик, но доколку има потреба наставникот може да им преведува) и дискутираат дали пораката од басната подобро се извлекува преку читање на текст или следење на анимиран филм. Дали пораката е различна?<br>https://rb.gy/3oprnq<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Видови литературни текстови (расказ, бајка, басна,драмски текст, песна) | Ја објаснува (преку пример) разликата меѓу расказ, **бајка** и басна. | 86 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Наставникот на презентација истакнува неколку наслови со илустрации на бајки, а учениците треба да ги поврзат со соодветната слика или збор.<br><br><br>**Снежана-** волшебно огледало, јаболко, вештерка;<br>**Заспаната убавица-** вештерка, вретено, стаклено чевличе;<br>**Аладин-** дух, волшебен килим, волшебна ламба<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците слушаат изразно читање на бајка„ Златниот клуч“ стр.58. Одговараат на поставени прашања:<br>• За што се зборува во текстот „Златниот клуч“?<br>• Каде се случува дејството?<br>• Кога се случува дејството?<br>• Кое чувство се побуди кај тебе кога момчето ја отклучувало клучалката?<br>Читање на бајката од учениците и се искажуваат за карактеристиките на бајката.<br>Извлекуваат заклучок за бајка и запишуваат во тетратката:<br>*Литературни творби во кои се зборува за волшебни* | табла<br><br>маркер/креда<br><br>компјутер<br><br>прожектор<br><br>звучници<br><br>учебник<br><br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Препознава бајка според содржина, карактеристики на ликовите и пораката<br><br>Опишува особини на ликови<br><br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *предмети, појави или за измислени суштества со натприродна моќ се викаат БАЈКИ или СКАЗНИ.*<br>Учениците добиваат насока да ја доврштат бајката и да се искажат што мислат дека имало во кутијата.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците следат анимирана бајка „Златниот клуч“(на англиски јазик, но доколку има потреба наставникот може да им преведува) и дискутираат дали содржината од бајката полесно се сфаќа преку читање на текст или следење на анимиран филм.<br>https://www.youtube.com/watch?v=9vE8ewaXlO4<br>• Што ви се допаѓа повеќе-книгата или анимираниот филм? Зошто?<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

СЦЕНАРИЈА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА ЈАНУАРИ

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – СЛУШАЊЕ И ЗБОРУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Слушање со разбирање | Го идентификува бројот на реченици содржани во текстот додека го слуша текстот (најмногу пет реченици) | 87 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците добиваат задача да се искажат дали знаат што значат зборовите:<br>**френки, чушки, феферони, зејтин, патлиџани.**<br>Се пребаруваат зборовите на дигитален речник и се објаснува нивното значење http://drmj.eu/<br>• Што мислите, зошто го откриваме значењето на овие зборови?<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците се подготвуваат за внимателно слушање на текст„Туфе Цинката“стр. 73. Следат насоки да откријат од колку реченици е составен секој дел од текстот, но и да ја разберат содржината на прочитаното.<br>Наставникот го чита првот дел од текстот со СТОП техника.<br>• Колку реченици изброивте при читањето?<br>• Како препознавате кога една реченица завршува?<br>• Дали внимававте само на интонацијата или и на содржината при читањето?<br>• Како изгедал Туфе?<br>• Какви особини препознавате кај него?<br>• Зошто страдаат луѓето како него?<br>На ист начин се обработуваат и другите делови од текстот. | компјутер<br><br>прожектор<br><br>табла<br><br>учебник<br><br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Открива број на реченици во слушнат текст<br><br>Препознава видови реченици според интонацијата при читањето<br><br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Учениците го читаат текстот со отворени учебници. Проверуваат дали точно одредиле од колку реченици е составен секој дел и дали правилно се искажале за интерпункцијата на речениците.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Од секој дел препишуваат по една реченица по свој избор.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | |
|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставна тема – СЛУШАЊЕ И ЗБОРУВАЊЕ | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ |

| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Слушање со разбирање | Поставува прашања од различен тип<br><br>(да/не-прашања, кој/што-прашања, каде/кога прашања, зошто прашања) поврзани со слушната содржина | 88 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Читање на текстот„ Туфе Цинката“ и разговор за содржината низ прашања.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Со учениците се дискутира за прашалните зборови со кои составуваме прашални реченици од стр. 74(може да се истакнати како постер во литературното катче).<br><br>Учениците во парови се насочуваат да поставуваат прашања поврзани со содржината на текстот од различен тип: да/не-прашања, кој/што- прашања, каде/кога прашања, зошто прашања).<br>**Пр.** <u>ДА/НЕ прашања</u><br>• Дали Туфе постојано се лутел?<br>• Дали Туфе избегал од дома?...<br><u>КОЈ/ШТО прашања</u><br>• Кој не му верувал на неговата лутина? | Постер со прашални зборови<br><br>учебник<br><br>компјутер<br><br>прожектор<br><br>табла/бела табла<br><br>работен лист | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Усно и писменоп поставува прашања со употреба на прашални зборови<br><br>Активно учество во работа во пар<br><br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Што направил Туфе еден ден?...<br>КАДЕ/КОГА прашања<br>• Кога ги напуштил оние што не му верувале?<br>• Каде можел да победи со својата лутина?<br>ЗОШТО прашања<br>• Зошто страдаат децата како Туфе?<br>• Зошто тој избегал од дома?...<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Паровите ги читаат запишаните прашални реченици, а другите ученици даваат устен одговор.<br>Се поведува дискусија дали е лесно да се поставaт прашања.<br>• Колку е важно да се знае содржината на текстот за да се постави соодветно прашање со примена на прашалните зборови- ШТО, КАДЕ, КАКО, ЗОШТО, КОГА, КОЛКУ, ДАЛИ?<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Пишување и користење правописни правила | Пишува две точки и запирка при набројување. | 89 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците усно се искажуваат по дадени прашања. **Пр.**<br>• Што содржи училишниот прибор?<br>• Кои се најпознатите овошни плодови кои растат во нашата земја?<br>Се поведува дискусија како правилно се запишуваат одговорите на поставените прашања бидејќи содржат набројувања. Одговорите на прашањата наставникот ги запишува /истакнува на таблата и учениците забележуваат каде и кога се пишува запирка и две точки.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Се анализира примерот од учебник стр. 72<br>*Известување!*<br>*Секој кампер треба да носи:компас,капа, ранец,стол, џебна светилка и мапа.*<br>Се изведува заклучок, а учениците запишуваат во своите тетратки:<br>Две точки(:) се пишуваат пред набројување, а зборовите што се набројуваат се одделуваат со запирка (,).<br>Учениците индивидуално работат во работен лист со дадени барања.(*Предолог- Вежбанка за трето одделение по македонски јазик од Арс Ламина*) Пр. | табла<br><br>компјутер<br><br>проектор<br><br>учебник<br><br>тетратка<br><br>работен лист за индивидуална работа | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Пишува две точки и запирка при набројување<br><br>Одговори во работен лист<br><br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1. Запиши две точки и запирка за речениците да бидат правилно напишани.<br>• Во градината на тетин Кочо има домати пиперки краставици кромид лук цвекло зелка и многу други зеленчуци.<br>2. Одговори на прашањата со правилна примена на интерпункциски знаци.<br>• Што му е потребно на едно растение за да расте?<br>3. Означи го полето со правилно напишаната реченица.<br>• Јадам сладолед од: јагоди, и банана.<br>• Јадам сладолед од јагоди и банана.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Се анализираат решенијата од работиот лист презентирани на видеобим и се извадуваат заклучоци за правилна примена на две точки и запирка при набројување.<br>Домашна работа- Активности од стр.72<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо | Зборови, реченици и кус текст напишани со кирилично писмо ги препишува користејќи латинично писмо | 90 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците запишуваат во тетратката зборови по диктат со изучените печатни букви од латиницата, а потоа истите се запишуваат на таблата за да проверат колку ги знаат печатните латински букви.<br>**sanka, šal, kapa, čizmi, sneg, zima, radost, Sneško, elka, lizganje,**<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците читаат песна„ Ова е приказна нова“ стр.89. Се анализира песната( строфа,стих, рима). Се опишуваат поетските слики.<br>Учениците следат насоки да ја препишат песната со печатни букви од латиницата со убав ракопис.<br>Самостојна работа на учениците во тетратките.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Наставникот на презентација истакнува како правилно треба да биде напишана песната со користење на латиничното писмо.<br>Учениците ги разменуваат тетратките во парови за проверка на точноста на напишаното и со црвена боичка ги забележуваат корекциите.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот | постер со печатни букви од латиницата<br><br>учебник<br><br>тетратка<br><br>компјутер<br><br>проектор<br><br>црвена боичка | Одговор на пра шања со целосна реченици<br><br>Препишува текст со печатни латинични букви<br><br>Активно учество во работа во пар |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |